**ДО: Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОПШТА ОДГОВОРНОСТ**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот пречистен текст на Општите услови за осигурување од општа одговорност е врз основа на претходно извршено усогласување на постојниот текст на Условите со цел законско доусогласување на текстот на истите.

Се прифаќа предлогот за усвојување на измена и дополнување на Општите услови за осигурување од општа одговорност усвоени со Одлука на Управен одбор (Арх.бр. 0202/177 од 21.12.2012 година), како што следи:

**Во член 8 став (1) точката 9) се менува и истата ќе гласи:**

9) исклучени се штети настанати како последица на груба небрежност и пропуст.

**Во член 8 став (2) после точката 3) се додава нова точка 4) која ќе гласи:**

4) поради стечај или ликвидација на осигуреникот.

**Во член 8 став (3) после точката 4) се додаваат нови ставови кои ќе гласат:**

(1) Војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали војна е објавена или не), граѓанска војна, буна, револуција, востание, граѓански немири имајќи го предвид учеството во или големината на востанието, воената или узурпаторска сила или:

а) биолошка, радиоактивна, нуклеарна и/или хемиска контаминација;

б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства;

в) поради секое дејство на тероризам или вандализам;

За примена на овој додаток дејство на тероризам значи дејство, вклучувајќи, но не и ограничување на употреба на сила или насилство и/или закана со нив на лице или група на лица, без оглед дали дејствуваат сами или во корист на или во врска со било која организација(и) или влада(и) обврзани со политички, религиозни, идеолошки или етнички цели и причини вклучувајќи и намера да се влијае на влада и/или да се изложи јавноста или дел од јавноста под страв.

г) штети настанати како директна или индиректна последица на сајбер (интернет) напади односно сите ризици од сајбер (интернет) основ не се предмет на осигурување;

д) штети настанати директно или индиректно како последица на азбест, или било како се поврзани со азбест или материјали кои содржат забест, односно сите ризици кои се поврзани и во допирна точка со азбест не се предмет на осигурување.

Сите останати членови Општите услови за осигурување од општа одговорност остануваат непроменети.

Пречистениот текст на Општите услови за осигурување од општа одговорност е објавен на web страната на ВИНЕР.

Со почетокот на примената на изменетите и дополнети Општи услови за осигурување од општа одговорност од 28.03.2019 година, престануваат да важат Општите услови за осигурување од општа одговорност од 21.12.2012 година.

Со почит
**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР- Виена Иншуренс Груп Скопје**